СМРТ НА ФАШИЗМОТ СЛОБОДА НА НАРОДОТ.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК

НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 21 | Скопје, 1-VIII-1948 год. | Год. IV

Ракописите се испрак'аат во дупликат на адреса: „Службен весник на НРМ" Пошт. фах 51 Скопје и не се врак'аат

Цена на овој број е 4 динари. Претплатата за цела година 250 дин. за едно полугодие 125 динари.

142

Земајк'и го во предвид големото значение на националната историја на Македонскиот народ, а врз основа чл. 79 став 2 од Уставот на НРМ, Владата на Народна Република Македонија по предлог од Комитетот на универзитет, високи школи и научни установи, пропишува

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

Член 1

Со цел да се проучува националната и културна историја на Македонскиот народ се основа Научен институт за националната историја на Македонскиот народ како самостојна установа на Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи.

Седиштето на Научниот институт е во град Скопје.

Член 2

Задачата на Институтот е:

1) Да изнавог'а, прибира, чува и објавува материјали, документи и други споменици што се однесуват на националната историја и културна историја на Македонскиот народ, како и материјали, документи и други споменици за историјата на малцинствата и етничките групи што живеат во Македонија;

2) научно да ги испитува и проучува материјалите, документите и други споменици од точка 1 и да објавува трудови за резултатите од тија свои испитувања и проучувања;

3) да објавува и да го помага објавувањето на научни трудови и издања на домашните и страни научници и научни установи од областа на националната историја и културна историја на Македонскиот народ, како и да соработува со домашни и страни научни установи и научници во изучавањето на македонската национална и културна историја и во таја цел да помага и организира научни експедиции, екскурзии, ископувања и сп.

4) да приредува популарни предавања и издава популарни книги со цел сред широките народни маси да го популаризира изучавањето на националната и културна историја на македонскиот народ и шири знанија од таја област;

5) да дава стручни мненија во работи и предмети од претходните точки, да ја координира работата со други домашни установи што се занимават со проучавањето на националната и културна историја на македонскиот народ и дава помош на тија установи;

6) особена задача на институтот е да изнавог'а, прибира, чува и објавува, научно испитува и проучува материјали, документи и споменици како и да објавува оригинални научни трудови од областа на историјата на Народно-ослободителната борба во Макдеонија.

7) да врши и други работи во врска со проучувањето на националната и културна историја на македонскиот народ.

Член 3

Со работите на Научниот институт раководи директор назначен од Претседателот на Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи, во согласие со Претседателот на Владата на НРМ.

Член 4

Научниот институт има посебна предсметка на приходите и расходите во рамките на предсметката на приходите и расходите на Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи.

Директорот на Научниот институт е наредбодател за извршувањето на предсметката.

Член 5

Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи се овластува во согласност со Претседателот на Владата да пропишува поблиски одредби за организацијата и работењето на Научниот институт како и поблиски прописи за извршувањето на оваа уредба.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НР Македонија".

20. VII. 1948 год. 20. VII. 1948 год.

Претседател на Владата на НРМ,
Л. Копишевски, с. р.

143

Врз основа чл. 20 став 20 во врска со чл. 5 став 2 од Општиот закон за погот по предлог од Министерот на шумарството, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следната

УРЕДБА

ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ЖИВОТИНСКИ ВИДОВИ КОИ ШТО СЕ СМЕТААТ КАКО ДИВИНА И ЗА ЛОВОТ

Член 1

Како дивина во смисла на прописите од Општиот закон за ловот на територијата на Народна Република Македонија се сметаат следните животински видови.

1. влакнаста дивина: елен, срна, дивокоза, зајак веверица, куна златица, куна белица, видра, здрав, рис, дива мачка, мечка, волк, чакал лисица, твор, лор дива свиња

пух, хрчак, текуница, слепо куче, кртица, лисица, шарен твор и јазовец;

2. перјата дивина: диви гаски, диви патки, ранци, диви голуби, грлица, бекаси-шљуки, бекасини, свирци, желари, вивци, нок'ни потрчок, зујовци, лиска, барски потрици, барска кокошка, дропља, ждраљ сив, ждраљ крунош, голем тетреб, мал тетреб, јаребица камењарка, полска јаребица, препелица, прдовец, фазан, чапли, гак, воден бик, бурњаци, вранци, гњурци, галеби, чигри, врани, смрдоврана, смрака, гаврани, сојка, јастреби, еја, пиљи, шумска сова, совина, кукавија, дремавка, нљук, бухал, лебеди, пеликани, орлови, соколи и лешинари.

Член 2

Заштитената дивина не смее да се гони, фан'а и убива за време на повостојот.

Министерот на шумарството со решение к'е го одреди повостојот за заштитената дивина на целата територија на Народна Република Македонија.

Член 3

Ловол на заштитената дивина се врши искључиво со повписки пушки.

Се забранува:

1. Фак'ањето на заштитената дивина со стапици, замки, мрежи, отров и лепило;

2. гонењето, фак'ањето и убивањето на заштитената дивина во време на големи снегови, поплави, со коли, санки, автомобили и рефлектори; и

3. ловот на заштитената дивина со средства со кои што масовно се уништува.

Член 4

Незаштитената дивина, а особено волците како крајно опасна дивина за луг'ето и народното стопанство може да се уништува со: пушка, мрежа, стапица, отров и хајка.

Одредената врста на незаштитена дивина може секој да уништува на своето земјиште со пушка, стапица мрежа или со друго примитивно средство кое што не е опасно за луг'ето и домашните птици.

Член 5

За уништувањето на волци и друга незаштитена дивина одредена од Министерот на шумарството можат да се организираат доброволни хајки.

Член 6

За уништените волци Министерот на шумарството доделува награди и тоа: за уништена волчица 1.000.— динара, за волк 600.— динара, за женско волче 400.— динари и за машко волче 300.— динари.

Член 7

Поблиски одредби за организирање на хајки и за доделувањето на наградите од чл. 6 на оваа уредба како и други поблиски одредби за извршувањето на оваа Уредба к'е пропише Министерот на шумарство.

Член 8

Оваа уредба влегува во сила од денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 8.755 20. VII 1948 год.

Скопје

Претседател на Владата на НРМ,
Л. КОЛИШЕВСКИ, с. р.

Министерот на шумарството,
К. СИМОВСКИ, с. р.

144

Врз основа чл. 29 и 14 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947—1951 Владата на Народна Република Македонија на предлог на Министерот на финансиите донесува

УРЕДБА
ЗА ФИНАНСИСКИ КУРС

Член 1

Со цел за изградба кадрови државни службеници со финансиска стручна спрема се отвара финансиски курс во Скопје.

Член 2

Финансискиот курс е под непосредно раководство и надзор на Министерот на финансиите.

Член 3

На курсот можат да се запишат лица со средно образование или државни службеници кои што се во финансиска струка избрани лица на народните одбори како и друга лица на кои што к'е им одобри Министерот на финансиите.

Член 4

Финансискиот курс трае една година.

Член 5

Државните службеници не го прикинуват својот службен однос со стапувањето во финансискиот курс. Тие ги примаат своите редовни принадлежности за сето време на посетувањето на курсот.

Член 6

На слушачите на курсот по правило им припаг'а стипендија која што к'е биде одредена од Министерот на финансиите.

Член 7

Преподавателите на курсот ги одредува Министерот на финансиите.

Наставниот план и програмата на курсот ги одредува Министерот на финансиите во согласие со Комитетот за средни и нижи стручни училишта и курсеви на Владата на Народна Република Македонија.

Член 8

На крајот на курсот слушачите полагаат испит пред испитна комисија.

Кога слушачот на курсот положи испит, испитната комисија му издава свидетелство за завршениот курс.

Член 9

Свршениот финансиски курс е услов за стекнување звање што к'е го одреди Министерот на финансиите со правилник во смисол на чл. 4 став 5 од Уредбата за финансисната струка.

Член 10

Финансискиот курс има своја самостојна претсметка на приходите и расходите, која што влегува во состав на претсметката на приходите и расходите на Министерството на финансиите.

Член 11

Поблиски одредби за спроведување на оваа уредба к'е пропише Министерот на финансиите.

Член 12

Оваа Уредба стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ" а ќе се применува од 1 јануари 1948 година.

Бр. 8.754 20. VII. 1948 г., Скопје

Претседател на Владата на НРМ,
Л. КОЛИШЕВСКИ, с. р.

Министер на финансиите,
ДАРЕ ЏАМБАС, с. р.

145

Врз основа чл.1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата од народното стопанство и обиновата на земјата, по предлог од Министерот на трговија и снабдување и Министерот за комунални работи, Владата на Народна Република Македонија ја пропишува следната

УРЕДБА

ЗА УКИНУВАЊЕ ТРГОВСКО-ИНДУСТРИСКАТА КОМОРА ВО ГРАД СКОПЈЕ

Член 1

Со обзир на тоа што Трговско-индустриската комора во град Скопје не одговара повеќе на денешното состојање на општествено-економското уредување на државата, се укинува.

Имотот на Комората станува општонароден имот и минува под управа на Министерството за трговија и снабдување.

Член 2

Министерот за трговија и снабдување и Министерот за комунални работи именуваат спогодбено ликвидациона комисија составена од три члена за ликвидација на комората.

Ликвидационата комисија ќе ја изврши ликвидацијата и ќе им го расподели преостанатиот движен имот на Комората на републиканските органи на НРМ по упатствата на Министерот на комунални работи.

Преостанатата готовина на Комората доколку ја има, ликвидационата комисија ќе ја предаде во корист на буџетот на НР Македонија.

Член 3

Службениците на трговско-индустриската комора се ставаат на располагање на Секретаријатот за персонална служба на Владата.

Член 4

Министерот за трговија и снабдување во согласност со Министерот за комунални работи по потреба ќе издава упатство за приложување на оваа уредба.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на нејзиното објавување во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 8753, 20 VII 1948 год. Скопје

Претседател на Владата на НР Македонија
Л.Колишевски,с.р.

Министер за трговија и снабдување,
А.Кажевче,с.р.

Министер за индустрија и рударство,
Инж.Г.Василев,с.р.

Министер на комунални работи,
К.Георгиевски,с.р.

146

Врз основа чл. 1 од Законот за овластување Владата на Народна Република Македонија за донесување уредби по прашањата на народното стопанство и обновата на земјата на Народна Република Македонија, по предлог од Министерот за правосудство Владата на Народна Република Македонија донесува

УРЕДБА

ЗА ЛИКВИДАЦИЈА НА СТАРИТЕ СУДСКИ ДЕПОЗИТИ

Член 1

По прописите од оваа Уредба има да се спроведе ликвидација на сите стари судски депозити.

Под стари судски депозити во смисла на оваа Уредба се подразбираат сите депозити кои што во спорните и неспорните предмети биле положени при судовите пред почетокот на работата на народните судови.

Член 2

Ликвидација на старите судски депозити по прописите од оваа Уредба ќе изврши судот при кој што се водат тие депозити.

Член 3

Во срок од еден месец од влегувањето во сила на оваа Уредба а врз основа депозитните книги и списи и врз основа на добиените податоци од депозитните места, судот ќе состави список на депозитите што има да се ликвидираат.

Според податоците, со кои што располага судот, во списокот при секој депозит ќе се назначи: датата кога е приман депозитот, името на полагачот, името на лицето во чија што полза е положен депозитот и во која што цел и износот на депозитот ако се состои во пари односно опис на предметот по депозитите кои што не се состоат во пари со назначување на неговата проценета вредност.

Член 4

Штом ќе го состави списокот на депозитите судот ќе ги повика заинтересираните по депозитот да дадат изјава за депозитот.

Ако на судот му се познати заинтересираните по депозитот ќе ги повика во срок од 30 дена од приемот на поканата да дојдат во судот и да дадат изјава за депозитот, со забелешка дека ако тоа не го направат нивниот депозит ќе се смета за пропаднат и дека ќе премине во државна сопственост.

Ако на судот не му се познати заинтересираните по депозитот или не му е познато нивното боравиште, судот ќе ги повика преку „Службен весник на Народна Република Македонија" во срок од 60 дена од денот на објавувањето на поканата да дојдат во судот и да дадат изјава за депозитот. Во поканата ќе се изјави во исто време и опис на депозитот и забелешка дека депозитот, ако заинтересираните во тоа време не се јават и не дадат изјава за истиот, ако се смета за пропаднат, ќе премине во државна сопственост.

Со еден оглас можат да бидат објавени повеќе депозитни маси.

Ако депозитот не надминува 1.000 динари огласот ќе се прикачи на судската табла и ќе се објави на уобичаен начин преку месниот градскиот односно реонскиот народен одбор.

Поканата за непознатите заинтересирани лица односно за оние на кои што боравиштата не им се познати на судот задолжително ќе се истакнат на судската табла, каде ќе стојат се до истекот на 60 дена, а судот исто така ќе ги повика и на уобичаен начин преку месните, градските односно реонските народни одбори.

Член 5

Ако заинтересираните по депозитите се јават во роковите предвидени во предходниот член и дадат изјава за депозитот, депозитот ќе се по правните правила расправи кои што се приложуваат во вонпарничната постапка.

Член 6

Депозитите за кои што познатите заинтересирани лица ќе се јават и не се изјаснат во роковите предвидени

во чл. 4 од оваа Уредба се сметаат за пропаднати и преминуваат во државна сопственост.

Член 7

По прописите од оваа Уредба ќе се расправаат и депозитните пари кои што не се водат на одделна партија на секој поединец, туку на глобалната партија на судот, а по кои што врз основа на списите несомнено се утврдува дека депозитот е предаден во судот и дека депонованата сума се наоѓа при Државната инвестициона банка.

Исплатата во овие случаи ќе се нареди на товар на глобалната партија на судот каде што парите биле положени.

Член 8

Во решението за прогласување депозитот за пропаднат судот ќе реши:

1) Готовите пари да му се достават на Министерството за финансии на Народна Република Македонија во полза на сметката „разни и непредвидени приходи".

2) Предметите од племенит метал, валути, сребрн и драгоцености да и се предадат на Народна банка на ФНРЈ за откуп, а нивната противвредност да се книжи во полза на сметката „разни и непредвидени приходи".

3) Други депозитни предмети во колку имат значење за државните стопански претпријатија да им се достават на нивните административно—оперативни раководители за предавање на истите на претпријатијата во стопански цели, во против но да се продадат јавно според правилата на извршената постапка, а добиените пари да му се достават на Министерството за финансии на Народна Република Македонија во полза на сметката „разни непредвидени приходи".

4) Предмети кои што имат историска, научна или уметничка вредност да му се предадат на Комитетот за универзитет, високи школи и научни установи на Владата на Народна Република Македонија.

5) Државните хартии кои што имат вредност да и се пр[illegible] на дирекцијата за долгови при Државната инвестиционе[illegible]

6) Останатите хартии и документи да се остават на на судската архива на чување.

7) Предметите без никаква вредност да се уништат.

Член 9

Решението за ликвидација на депозитот судот ќе го достави: да заинтересираните лица во колку е тоа можно до депозитното место и до државните органи, надлештва или установи на кои што им се предаваат депозитите.

Решението донесено по депозитите по кои што заинтересираните лица не се познати како и по депозитите по кои што на заинтересираните лица на судот не му е познато живеалиштето ќе се објави на судската табла и по месниот обичај преку месните, градските односно реонските народни одбори.

Член 10

Против решението со кое што се ликвидира депозитот по посебната постапка од оваа Уредба заинтересираните лица можат да изјават жалба на погорниот суд во срок од 8 дена од денот на приемот односно објавувањето на истиот на судската табла.

Член 11

Сите разноски околу ликвидирањето на депозитите паѓаат на товар на депозитните маси.

Ако разноските се заеднички, сразмерно се делат на сите депозити.

Во случај ако не е можно да се наплатат од депозитната маса, разноските ги поднесува државата.

Член 12

Во списокот на депозитите кои што се ликвидираат ќе се наведат начинот и решението за ликвидирање, а при депозитните предмети кои што се продадени и претворени во пари ќе се назначи и добиениот износ во пари.

Списите од депозитите кои што се ликвидирани ќе се остават во судската архива.

Сите депозити што ќе бидат расправени по оваа постапка, ќе се разведат по депозитните книги со внесување бројот и датата на решението со кое што депозитот е прогласен за пропаднат.

Член 13

Депозитите што не ќе бидат расправени по прописите од оваа Уредба ќе се пренесат во депозитни книги што се во тек.

Член 14

Прописите од оваа Уредба ќе се приложат на соодветен начин и на предметите што му биле пред почетокот на работата на народните судови, предадени на судот во врска со кривичните предмети а кои што по скончувањето на кривичните предмети а кои што по окончувањето на кривичната постапка не се вратени на оштетеното или обвинетиот, како и на гаранциите кои што по окончувањето на кривичната постапка станале слободни.

Член 15

Се овластува Министерот за правосудство на Народна Република Македонија да донесува упатства за извршување на оваа Уредба.

Член 16

Оваа Уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 8752 20 VII 1948 год. Скопје

Претседател на Владата на НРМ
Л. Колишевски с. р.

Министер за правосудство на НРМ
В. Калајџиски, с. р.

147

Врз основа чл. 29 став 3 во врска со чл. 12 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947—1951, по предлог на Министерот за локален сообраќај, Владата на Народна Република Македонија ја донесува следнава

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ АВТОМОБИЛСКО-ШОФЕРСКИ КУРС ВО ГР. СКОПЈЕ

Член 1

Се основа автомобилско-шоферски курс со седиште во гр. Скопје а времено во село Петровец — Скопско.

Курсот има интернат.

Член 2

Задача на курсот е:

Да подготви стручен и способен кадар за самостојни возачи и добри познавачи на автомобили.

Член 3

Курсот трае шест месеци.

На крајот од курсот се полага завршен испит. Слушачите што со успех ќе го завршат курсот, добиваат право да управуваат со автомобили.

Член 4

Трошковите за издршка на слушачите во интернатот, влегуваат во трошковите на курсот.

Член 5

Кандидатите треба да имаат полни 18 години, да не се постари од 30 години, да се способни за вршење шоферска служба, а особено да имаат свршено најмалку четири разреда основно училиште.

Член 6

На чело на курсот стои управител, кој што раководи со [illegible]. Него го заменува лице овластено од управителот [illegible] Министерот за локален сообраќај.

Управителот, стручните учители и другиот персонал ги назначува Министерот за локален сообрак'ај по прописите од Законот за државните службеници на Народна Република Македонија.

Член 7

Издршката на курсот пак'а на товар на претсметката на приходите и расходите на Министерството за локален сообрак'ај.

Член 8

Поблиски прописи за работата и организацијата на курсот к'е пропише Министерот за локален сообрак'ај, а за наставниот план и програм, како и одредби за полагање на испитот, к'е пропише Министерот за локален сообрак'ај во согласност со Комитетот за средни и нижи стручни училишта и курсеви.

Член 9

Овој курс к'е се одржава узастопно, што к'е одредува Министерот за локален сообрак'ај

Член 10

Курсистите што го завршиле или што к'е го завршат овој курс со успех, ги имаат сите права по Уредбата.

Член 11

Оваа Уредба влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија."

Бр. 8.751 20 VII 1948 год. Скопје

Претседател на Владата на НРМ,
Л. Колишевски с. р.

Министер за локален сообрак'ај,
Т. Ношпал с. р.

148

Врз основа чл. 29 точ. 3 во врска со чл. 4 точ. 5 и чл. 14 точ. 2 од Законот за Петгодишниот план за развитокот на народното стопанство на Народна Република Македонија во годините 1947 — 1951, Владата на Народна Република Македонија на предлог од Министерот за земјоделство ја донесува следната

УРЕДБА

ЗА ОСНИВАЊЕ ЕДНОГОДИШНИ ЗЕМЈОДЕЛСКИ УЧИЛИШТА

Член 1

Со цел да се изградат квалификовани работници по одделните струки за работа во државниот и задружниот земјоделски сектор, градските и околиските народни одбори можат да основат едногодишни земјоделски училишта.

Едногодишните земјоделски училишта се под општо раководство на Министерот за земјоделство.

Член 2

Едногодишните земјоделски училишта к'е можат да ги посетуваат лица што имаат завршено најмалку четврто одделение и се повозрасни од 16 години.

Член 3

Школувањето трае една година. На крајот се полага завршен стручен испит. Свршените ученици добиваат квалификации на квалификовани работници за работа во земјоделството.

Член 4

Издршката на едногодишните земјоделски училишта пак'а ги терет на буџетот на народниот одбор што го основал училиштето.

Член 5

Наставата во едногодишните земјоделски училишта к'е се изведува по наставниот план и програм, што к'е го пропише Министерот за земјоделство во согласност со Комитетот за средни и нижи стручни училишта и курсеви на Владата на Народна Република Македонија.

Член 6

Училиштата се раководат од раководител, кој што за својата работа одговара непосредно на повереникот на земјоделство на соодветниот народен одбор.

Член 7

Се овластува Министерот за земјоделство во согласност со Министерот на трудот и Комитетот за средни и нижи стручни училишта и курсеви да донесе поблиски одредби за организацијата и работата на едногодишните земјоделски училишта, за завршните стручни испити, а по потреба и други одредби за извршување на оваа уредба.

Член 8

Оваа Уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 8.750 20 VII 1948 год. Скопје

Претседател на Владата
Л. Колишевски, с. р.

Министер за земјоделство,
В. Бурзевски, с. р.

149

Врз основа чл. 79 ст. 2 од Уставот на Народна Република Македонија, а по предлог на Министерот за просвета, Владата на Народна Република Македонија, ја донесува следната

УРЕДБА

ЗА ПИОНЕРСКИ ДОМОВИ

Член 1

Со цел да се олесни и помогне воспитувањето и учењето на нашата младина, во градовите и поголемите населени места се основаат пионерски домови како установи за воншколско воспитување на децата.

Член 2

Пионерските домови можат да бидат државни, на државните стопански претпријатија, општествените организации на работниот народ и кооперативните организации.

Член 3

Државните пионерски домови ги основаат околиските, односно градските (реонските) народни одбори по предходна согласност со Министерот за просвета.

Државни пионерски домови може да основа се решение на Министерот за просвета.

Државните стопански претпријатија, општествените организации на работниот народ и кооперативните организации, можат да основаат пионерски домови со предходна согласност на Министерот за просвета.

Член 4

Се основа Централен пионерски дом со седиште во Скопје, како установа на Министерството за просвета.

Централниот пионерски дом се наоѓа под надзор и раководство на Министерот за просвета.

Член 5

На чело на Централниот пионерски дом стои — директорот, а наде другите управник, кои што раководат со домот со помошта на домски совет, кој што го сочинуваат, покрај директорот, односно управникот, пионерскиот раководител на домот и раководителите на научно-просветниот сектор и секторот по народна техника.

Директорот на Централниот пионерски дом за својата работа одговара пред Министерот за просвета, а управниците на другите домови пред извршните одбори на околиските, односно градските (реонските) народни одбори, односно раководството на органот што го основал домот и пред Министерот за просвета.

Член 6

Членовите на домскиот совет во сите домови ги назначува Министерот за просвета, а помошниот персонал го назначува органот односно организацијата или претпријатието што го основало домот.

Член 7

Домовите, покрај домскиот совет, имаат и наставно-воспитен совет и пионерски совет.

Член 8

Членовите на наставно-воспитниот совет се директорот, односно управникот на домот, сите воспитатели, инструктори и раководители на секториге, како и истакнати лица од јавниот и културниот живот, познати педагози и стручњаци.

Членови на пионерскиот совет се сите пионерски раководители во домот и пионерите — предводници на кружоци, групите и секциите во домот.

Член 9

Пионерските домови се издржуваат од:

а) средствата на органот, односно организацијата или прет-

пријатието што го основало домот и
б) додатоците и прилозите на други државни органи, јавни и приватни претпријатија, установи и други приходи.

Член 10

Секој пионерски дом има своја самостојна претсметка на приходите и расходите, која што влегува во претсметката на Министерството за просвета и органот односно организацијата или претпријатието што го основало домот.

Личните расходи на персоналот назначен од Министерството за просвета го сноси Министерството а останатите лични и сите материјални расходи се на товар на органот односно организацијата или претпријатието што го основале домот.

Член 11

Над пионерските домови, сектор, група или секција во истите, во согласност со органот што го основал домот, можат да земат патронат општествените, кооперативните и другите организации.

Член 12

Министерот за просвета ќе издаде поблиски прописи за организацијата и работата на пионерските домови, како и за извршувањето на оваа уредба.

Член 13

Оваа уредба влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на Народна Република Македонија".

Бр. 8749, 20 VII 1948 год. Скопје

Претседател на Владата
Л. Колишевски, с. р.

Министер за просвета,
Д. Мире с. р.

150

Врз основа чл. 8 од Уредбата за основање на Висша педагошка школа, а со цел да се сообрази оценувањето на студентите од Вишата педагошка школа во Скопје со оценувањето на студентите од факултетите пропишувам

ПРАВИЛНИК

ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТАТА НА ВИШАТА ПЕДАГОШКА ШКОЛА ВО СКОПЈЕ

Член 1

Член 45 од Правилникот за организацијата и работата на Вишата педагошка школа во Скопје се менува, та гласи:

„Оценките за писменият испит се' од еден до десет и тоа: непрелазни од еден до пет вклучително, а прелазни од шест до десет."

Член 2

Во чл. 50 наместо зборот „позитивна" се става зборот „прелазна".

Член 3

Во чл. 52 наместо зборовите „покаже слаб успех" се ставаат зборовите „добие непрелазна оценка".

Член 4

Во чл. 53 во првиот став наместо зборовите „покажат слаб успех" се ставаат зборовите „добијат непрелазна оценка"

Во истиот член во вторниот став наместо зборовите „покажат слаб успех" се ставаат зборовите „добијат непрелазна оценка"

Во истиот член во третиот став наместо зборовите „покаже слаб успех" се ставаат зборовите „добие непрелазна оценка".

Член 5

Овој Правилник влегува во сила од денот на објавувањето му во „Службен весник на Народна Република Македонија".

1 бр. 7580 од 13 јули 1948 год. Скопје

Министер за просвета
Д. Мире с. р.

151

Врз основа точка I под 3 од Решението на Стопанскиот совет при Владата на ФНРЈ за маржите на откуп земјоделските производи што се купуваат од производители по одредените државни (сврзани) цени („Службен лист на ФНРЈ" бр. 43/13 год.) донесувам

НАПАТСТВИЕ

За начинот за пресметнување на разликата меѓу пропишаната маржа и околиските маржи за житарици на подрачјето на НР Македонија.

1. Околиските задружни сојузи и државните откупни претпријатија при продажбата на житарици, кои ги откупиле по одредени државни (сврзани) цени ќе се пресметнуваат во фактурата: — платена откупна цена плус пропишана маржа на откуп од 27 динари за 100 кгр. житарици.

2. Разликата меѓу пропишаната маржа која што е пресметната во фактурата и околиската маржа одредена од страна на Министерството за трговија и снабдување на НРМ со Решение бр. 10134 од 14 VII 48. ќе ја пресметнува Земјоделското претпријатие за жито и фураж „Земпрожит" — Скопје, преку посебна сметка (сметка за пресметнување на околиски откупни маржи) и ќе се врши на следниот начин:

Ако е околиската маржа помалка од пропишаната маржа околиските задружни сојузи и државните откупни претпријатија разликата ќе ја уплатат на сметка за пресметнување на околиски маржи при „Земпрожит" — Скопје.

Ако е околиската маржа поголема од пропишаната маржа, разликата во маржата ќе ја надокнади на околискиот задружен сојуз и Државното откупно претпријатие „Земпрожит" — Скопје, од сметката за пресметнување на откупни околиски маржи.

3. Пресметнувањето ќе се врши врз основа на авизите за откупените количини на житарици и истите треба да се достават од околиските задружни сојузи и државните откупни претпријатија најдоцна до 10 идук'иот месец на „Земпрожит" — Скопје.

4. Најдоцна до 15 во текук'иот месец за изминатиот месец треба да се уплатат сите разлики во маржи каде што е околиската маржа помалка од пропишаната во корист на сметката за пресметнување на откупни околиски маржи при „Земпрожит" — Скопје.

5. Земјоделското претпријатие за жито и фураж „Земпрожит" — Скопје, благовремено ќе ја надокнади разликата на околиските задружни сојузи и државните откупни претпријатија кои што имаат поголема околиска маржа од пропишаната.

6. Ако след дефинитивното пресметнување се појави на сметката за пресметнување на откупни околиски маржи активно салдо, со истото располага Управата за откуп при Министерството за трговија и снабдување на НРМ.

Ова Напатствие стапува на снага веднаш.

Број 10135 од 14 VII 1948 г. Скопје

Министер
за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

152

Во смисол на Напатствието на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ за задолжителното продавање на ушурот од вршачките и за контролата на вршењето („Службен лист на ФНРЈ" бр. 47/48) издавам следното

НАПАТСТВИЕ

за задолжителното продавање на ушурот од вршачките и за количините на житариците кои што ќе се издаваат на работниците на вршачките на подрачјето на Народна Република Македонија.

1

Сето количество житарици, кое што сопствениците на вршачките и машино-тракторските станици го добиваат како накнада во натура врз основа на Напатствието на ова Министерство бр. 10149 од 15 VII 1948 год. задолжително се продава на државните откупни претпријатија.

2

Сопствениците на вршачките и машино-тракторските станици го продаваат ушурот на откупните претпријатија штом собраното количество достигне количина од 2.000 кгр.

Откупните претпријатија должни се веднаш да ја исплатат применета количина житарици од вршачките.

3

Ушурот се пресметнува по цените што важат за задолжителните испорачки на житариците.

4

Сопствениците на вршачките кои што немаат достатечно житарини за исхрана членовите на семејството, што ќе

го докажат со потврда на месниот народен одбор од своето постојано пребивалиште можат от собраните количини на ушур да задржат за потребите за исхрана на своите семејства по 250 — (две стотини и педесет) кгр. жито за секој член на нивните семејства.

5

На машино-тракторските станици производителите плаќат на име ушур 6% од овршеното жито.

Од овој ушур се дава:

а) на трактористите и машинистите кои што работат на вршачките и тоа најповеќе на 2 такви лица на една вршачка по 50 кгр. жито на 1 вагон овршено жито.

б) на хранјачите кои што работат на вршачките и тоа најповеќе на 2 такви лица на една вршачка може да им се даде по 40 кгр. жито на 1 вагон овршено жито.

6

Ако покрај трактористите, машинистите и хранјачите на вршачката работат и други работници, тогаш на овие сопственикот ќе им даде 2% од овршеното жито.

7

На трактористите, машинистите и работниците поменати во т. 5 и 6 поменатите количини житарици ќе се остават само во случај да истите немаат достаточно житарици за исхрана на своите семејства, што ќе докажат со уверение од надлежниот им местен народен одбор по местото на нивното постојано пребивалиште. Но, ни во кој случај истите не можат да добијат преку 250 кгр. житарици за секој член од нивните семејства.

Сите количини житарици преку напред поменатите трактористи, машинисти и работниците поменати во т. 5 и 6 должни се, да ги предадат на најблискиот откупни пункт по цените кои што важат за задолжителна испорачка на житарици.

8

Во однос на контролата и евиденцијата на вршидбата и вршачките важат прописите на Напатствието на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ за задолжително продавање на ушурот од вршачките и за контролата на вршењето („Службен лист на ФНРЈ" бр. 47/48).

9

Прекршенијата од ова Напатствие ќе се казнуваат согласно чл. 19 од Уредбата за откуп на житарици во економската 1948/49 год.

10

Ова Напатствие стапува на снага веднаш.

Број 10289 од 19 јули 1948 год. Скопје

Министер
за трговија и снабдување на НРМ
А. Каневче с. р.

153

Врз основа точ. I под 1 од Решението на Стопанскиот совет при Владата на ФНРЈ за маржите на откуп земјоделските производи што се купуваат од производители по одредените државни (сврзани) цени („Службен лист ФНРЈ" бр. 43/48 год. по претходно мнение на Земскиот пословен сојуз на земјоделските кооперации, донесувам

РЕШЕНИЕ

за одредување на посебни маржи на откуп на житарици за поедини околии на подрачјето на НР Македонија.

1. За житариците што се купуваат од производителите по одредените државни (сврзани) цени на подрачјето на НР Македонија определуваат се следните посебни околиски маржи на откуп и тоа:

а) за околиите: скопска, св. николска, тетовска, гостиварска, г'евг'елиска, дебарска, демир-хисарска, крушевска, бродска, кичевска, г'орче петровска, кривопаланска, за 100 кгр житарици — — — — — — — — — — — — — — Дин. 29.—

б) за околиите: битолска, ресенска, прилепска, кумановска, охридска, струшка за 100 кгр. житарици — — Дин. 25.—

в) за околиите: титов велешка, струмичка, штипска, кочанска, за 100 кгр. житарици — — — — — — — Дин. 33.—

г) за околија кавадарска за 100 кгр. житар. Дин 40.—

д) за околиите: царево селска, радовишка, за 100 кгр. житарици — — — — — — — — — — — — — — Дин. 59.—

ѓ) за околиите: беровска, кратовска за 100 кгр житарици — — — — — — — — — — — — — — Дин. 65.—

2. Ова решение стапува на снага веднаш.

Бр. 10134 од 14 јули 1948 год. Скопје.

Министер за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

154

Врз основа на т. 3 од Решението на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ — за условно продавање каустична сода во трговијата по сврзани цени и по претходно согласие на истото Министерство, издавам следното

НАПАТСТВИЕ

За условно продавање каустична сода во трговијата по сврзани цени на подрачјето на Народна Република Македонија.

1.

Земјоделците—производители и селански трудови задруги кои што продале по сврзаните цени: свинска маст, сува сланина, уље за јадење, масло топено и нетопено —имаат право да купуваат по повисоките единствени цени каустична сода и тоа:

За секои 2 кгр. продадени: свинска маст, сува сланина, уље за јадење, масло топено или нетопено 1 кгр. каустична сода.

2.

Предното не се однесува на оние количини продадени свинска маст и сува сланина, кои се продадени како задолжителна испорачка врз основа на постоечките прописи.

Поменатите артикли ќе ги откупуваат околиските кооперативни пословни сојузи преку од ним овластени кооперации.

3.

Околиските кооперативни пословни сојузи откупените количини од поменатите артикли секои 10 дена ќе ги декларират пред управата за откуп на земјоделските производи при надлежниот околиски народен одбор, а управата за откуп секои 15 дена ќе го известува ова Министерство — управа за откуп на земјоделски производи.

Министерството дава диспозиции за откупените количини на поменати артикли.

4.

Ова Напатствие стапува на снага веднаш.

Бр. 10292
15 VII—1948 год.
Скопје

Министер
За трговија и снабдување,
А. Каневче

155

Врз основа точка VIII од Решението на Стопанскиот совет при Владата на Ф.Н.Р.Ј. за маржите на откуп земјоделските производи што се купуваат од производители по одредените државни (сврзани) цени („Службен лист на Ф. Н. Р. Ј." бр. 43/48 год.) а по претходното согласие на Министерот за трговија и снабдување на Ф.Н.Р.Ј., донесувам

РЕШЕНИЕ

за маржите на откуп земјоделските производи што се купуваат од производителите по одредени државни (сврзани) цени.

1) При купувањето на земјоделските производи по одредените државни (сврзани) цени, се одредуваат следните маржи на откуп:

Ред. бр.	ПРОИЗВЕДЕНИЕ	Единична мерка	МАРЖА
1.	Црешни, вишни, кајсии, праски, пресни смокви, рибизли, купини, малини, јагоди, пресни грозје и слично овоштие	100 кгр.	Дин. 100.—
2.	Јаболки, крушки, дуњи, пресни сливи	100 „	„ 80.—
3.	Ораси, лешници, бадеми, кестени	100 „	„ 90.—
4.	Суво овоштие (суви јаболки, суви крушки и сл.)	100 „	„ 75.—
5.	Суви смокви	100 „	„ 85.—
6.	Боранија, грашок пиперка, рани зелки, ран лук и кромид и сл. зарзават	100 „	„ 70.—
7.	Наут, позни лук и кромид	100 „	„ 60.—
8.	Есени зелки	100 „	„ 45.—
9.	Кикирики	100 „	„ 120.—
10.	Нелупен ориз (оризоза арпа)	100 „	„ 29.—
11.	Висок	100 „	„ 250.—
12.	Мед	100 „	„ 200.—
13.	Масло или топено масло	100 „	„ 350.—
14.	Бело сирење сите врсти	100 „	„ 300.—
15.	Маслиново уље	100 „	„ 350.—
16.	а) Пресовано сено и слама	100 „	„ 100.—
	б) Непресовано сено и слама	100 „	„ 35.—
17.	Суво месо (пастрма) сите врсти и сува сланина	100 „	„ 300.—
18.	Дрва и дрвена граѓа	1 пр. мет.	„ 14.—
19.	Риба (морска, речна и езерска)	100 кгр.	„ 350.—
20.	Млеко сите врсти	100 лит.	„ 70.—

Кога откупно претпријатие (државно откупно претпријатие, околиски задружни сојуз или земјоделска задруга) врши и пастеризација на откупеното млеко, поред одредената маржа на откупот, му припаѓа на име трошкови за пастеризација 0,50 динари по еден литар.

2) Од маржите одредени во член 1 се покриваат сите трошкови на откупното претпријатие вклучително и зависните трошкови од местото на превземањето на производите од производителот до предавање на истите франко вагон, шлеп или брод до најблиската утоварна гара, односно кога во границите на околијата нема утоварна гара; франко превозно средство на онова место во срезот кое откупното и трговското претпријатие споразумно ќе го одредат.

Исклучително од одредените маржи во чл. 1 трошковите на откупот за нелупен ориз, дрво и непресовано сено, треба да се покријат:

а) кај нелупениот ориз: сите трошкови на откупот означени во првиот став и зависните трошкови до стоваришето на фабриката за лупење — луштилница;

б) кај дрво и дрвена граѓа: сите трошкови на откупот освен трошковите на транспортот од собиралиштето од најблиската железничка или бродарска гара. Овие трошкови откупното претпријатие има право да ги пресметнува одделно;

в) кај непресовано сено: сите трошкови на откупот франко складиште (сењак) на купецот, ако складиштето се наоѓа во истата околија.

3) За услугите, кои што ги вршат рибарските задруги при прометот со риба, имаат право на провизија од 1 динар за секој килограм.

Во колку рибарските задруги се бават истовремено и со продажба на риба, они имаат право да пресметуваат само маржа на трговија одредена со Решението за маржи на трговија, за земјоделски производи што се купуваат од производители по одредени државни (сврзани) цени.

4) Од одредените маржи во член 1 откупните претпријатија должни се да ги покријат и издатоците: за рационално работење и подигање културното ниво на откупот, за фонд на раководството, за амортизација на основните средства, како и за подигање кадрови према прописите кои ќе се донесат посебно.

5) Кога државните откупни претпријатија учествуваат во откупот заедно со задругите, тогаш ним им припаѓа оној дел на откупната маржа, колку е во структурата на маржата предвидено за таа врста работа. Во колку не постои согласие за поделба на маржата, нити постоат одделни прописи за структурата на маржата, поделбата на маржата ја утврдува околиската управа за откуп на онаа околија каде што е откупот извршен.

Поделбата на маржата, кога учествуваат во откупот задруга и околиски задружен сојуз, задружните органи ја регулираат самостојно.

6) Кога амбалажот не е сопственост на откупното претпријатие, оно е должно од откупната маржа да ја надокнади вредноста на еднократната употреба на амбалажот.

7) Кога се откупот на земјоделските производи — побројани во член 1 врши во цел на индустриска преработка (за конзервирање, пекмез и слично), тогаш откупното претпријатие има право само на ¾ од одредената маржа на откупот за односниот производ.

Предниот став не се однесува за нелупен ориз.

8) Кога производите означени во член 1 на овоа Решение не се откупуваат по државни (сврзани) цени, но по некои други цени (слободен откуп, контрахирани цени и сл.), откупните претпријатија имаат право да пресметнуваат уголемена маржа од член 1. Тоа уголемување може да се односи само на ставката на нормираниот губиток на стоката при откупот кој што е содржан во одредената маржа на откупот. Во колку таа ставка не е кај поедини производи позната, се овластува околиската управа за откуп да ја за територијата на својата околија одреди. За секоја така одредена маржа, околиската управа за откуп должна е да го извести Министерството за трговијата и снабдувањето Н Р. Македонија.

Во случај да за известен производ не е одредена државна (свързана) цена, откупното претпријатие должно е да за тој производ тражи индивидуална маржа од Министерството за трг. и снабдување на Н. Р. М.

9) Откупното претпријатие должно е да при продажбата пресметнува онаа цена која одговара на цената на одредениот квалитет на испорачаниот производ. Во колку купецот установи да приматата стока не одговара на квалитетот означен во фактурата, он има право, при исполнение на одредени условија, да плати по цена на оној квалитет во каков е квалитет производ пристигнал на купецот.

10) Поблиски прописи за спроведување на ова Решение донесува Министерот за трговија и снабдување на Н. Р. Македонија.

11) Ова Решение стапува на снага со денот на објавувањето му во „Службен весник на Н. Р. М." и со него се укинуваат сите до сега објавени прописи за маржи на откупот во колку се во прописите на ова Решение во спротивност.

Бр. 10136 од 14 јули 1948 год. Скопје

Министер
за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

156

Врз основа чл. 18 став 2 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 45/48) а во согласност со Претседателот на Планската комисија на НРМ и Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ, донесувам

РЕШЕНИЕ

За маржите на трговијата на земјоделски производи што се купуваат од производителите по одредени државни (свързани) цени како и за начинот на формирање на продајни цени за тие производи.

1) Трговските претпријатија кои се занимаваат со продажба на земјоделски производи што се купуваат од производителите по одредени државни, (свързани) цени имаат право за покривање на своите трошкови да пресметнуваат следни маржи на трговија:

Ред број	ПРОИЗВОДИ	Единична мера	Маржа	Кало до 80 км.	Кало преку 80 км.
1.	Цреши, вишни, кајсии, праски, смокви и сл.	100 кгр.	Дин. 75.—	3%	6%
2.	Јагоди, купини, малини, рибизли и сл.	100 „	„ 75.—	3,50%	7%
3.	Јаболки, крушки, пресни сливи, дуњи и сл.	100 „	„ 60.—	2%	4%
4.	Ораси, лешници, бадеми, ноштани	100 „	„ 80.—	0,50%	1%
5.	Пресно грозје	100 „	„ 80.—	2,50%	5%
6.	Суво овошие (суви јаболки, суви крушки)	100 „	„ 75.—	0,50%	1%
7.	Суви смокви	100 „	„ 85.—	1%	2%
8.	Боранија, грашак' пиперки, рано зеље, ран лук и кромид и сл.	100 „	„ 80.—	1%	2%
9.	Позни лук и кромид и наут.	100 „	„ 60.—	1,50%	3%
10.	Есени зелки	100 „	„ 40.—	1,50%	3%
11.	Кикирики	100 „	„ 100.—	0,50%	1%
12.	Суво месо сува слапина	100 „	„ 350.—	1%	2%
13.	Риби (морски, езерски, речни)	100 „	„ 300.—	1%	3%
14.	Мед	100 „	„ 300.—	—	—
15.	Млеко	100 „	„ 60.—	—	0,50%
16.	Сирења тврди и масло	100 „	„ 300.—	1%	2%
17.	Сирење бело	100 „	„ 350.—	3%	6%
18.	а) сено пресовано	100 „	„ 27.—	1,50%	3%
	б) сено непресовано	100 „	„ 27.—	2,50%	5%

Кога трговското претпријатие и пастеризација на млеко, него му припага' освен одредената маржа на трговија в 0, 50 динара за 1 литар, на име трошкови за пастеризација.

2) Од маржите одредени во член 1 се покриват сите трошкови на трговските претпријатија кои ги предвидува чл. 3 и став 3 од член 4 од Уредбата за трошковите на државните трговски претпријатија т. е. сите трошкови на набавка и продажба и доприноси изземајќи зависните трошкови. Зависните трошкови во кои влегуваат трошкови: на подвоз од утоварната гара, на истовар и превоз до своето складиште, трговските претпријатија имаат право да ги пресметнуваат посебно.

Зависните трошкови смеј ат да се пресметнуваат во платени износи по никако повише од онија, кои позволуваат постоечките тарифи за однесна врста услуги.

3) Освен маржата и зависните трошкови, трговското претпријатие има право да пресметне и износот на одредените губитоци на стоки при транспортот од местата на утовар до местото на своето складиште. Големината на тие губитоци е одредена во член 1 на ова Решение.

4) Во промет со земјоделски производи означени во член 1 на овој Решение може, освен откупното претпријатие, да се појави само еден посредник во трговија — на правило трговско претпријатие на мало.

Кога се, исклучително, во прометот појави и трговско

претпријатие на големо нему му припаѓа 1/4, а на трговското претпријатие на мало останокот од 3/4, од одредената маржа во трговија.

5) Трговското претпријатие на мало формира својата продајна цена на следниот начин:

а) Кога набавува стока непосредно од производителот односно откупното претпријатие:

На својата набавна цена (цена на производителот или на откупното претпријатие со платениот или без платениот данок на промет на производи) додава целата маржа на трговија, која му по чл. 1 на ова Решение припаѓа, данок на промет на производи во колку не е платен, одредени губитоци на стоки при транспортот и сите стварно платени зависни трошкови на кои има право во смисол член 2 и 3 на ова Решение;

б) Кога набавува стока од трговско претпријатие на големо:

Пресметнува истите ставки кои предвидува и претходниот став, со тоа што вместо целата маржа може да пресметне само 3/4 од истата, сообразно член 4 на ова Решение.

6) Кога во трговскиот промет учествува трговско претпријатие на големо, оно формира својата продајна цена додавајќи на набавната цена: данок на промет на производи, во колку не е платен; 1/4 маржа која му во смисол член 4 на ова Решение припаѓа; одредени губитоци на стоки при транспортот и сите неопходни стварно платени зависни трошкови на кои има право во смисол член 2 и 3 на ова Решение.

7) Кога трговското претпријатие врши и преработка на земјоделските производи која не е предвидена во маржата на трговијата во член 1, оно ги пресметнува трошковите на преработка посебно со смисол на постоечките прописи.

8) Кога се во трговскиот промет појават производи кои не се откупени по државните (сврзани) цени, но се откупени по некои други цени, трговското претпријатие има право да ја пресметне својата маржа од член 1 уголемена само кај ставката нормирани губитци на стоки при ускладиштувањето. Това уголемување може да биде само за толку пати за колку е и набавната цена поголема од набавната цена при пословање со истиот производ по одредените државни (сврзани) цени.

9) Кога трговското претпријатие добие стока од послаб квалитет од оној кој е назначен во фактурата, а влошувањето на квалитетот не е последица на превозот или на виша сила, тогаш трговското претпријатие има право да плати по цени на оној квалитет во кој е стоката стигнала на истоварната гара на трговското претпријатие.

Влошување на квалитетот мора комисиски да се утврди при кое мора да биде присатен и еден претставител на околиската управа за откуп, а во колку таков не би бил, тогаш претставител на месниот народен одбор.

10) Поблиски прописи за спроведување на ова Решение донесува Министерот за трговија и снабдување на НРМ.

11) Ова Решение стапува на снага со денот на објавувањето му во „Службен весник на НРМ".

Со стапувањето на снага на ова Решение престануваат да важат сите постоечки прописи за маржи во трговија во колку се во супротност со прописите на ова Решение.

Бр. 10252 од 14 јули 1948 год. Скопје

Министер за трговија и снабдување
А. Каневче с. р.

Согласен претседател на Планската комисија
К. Миљовски с. р.

157

Согласно Напатствието на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ, Пов. бр. 4791 од 5. VII. 1948 год., издавам следно

РЕШЕНИЕ

бр. 1

за највисоките цени по кои државни стопански претпријатија и работничко-намештеничките набавно-продајни задруги кои ги продаваат земјоделските производи на подрачјето на Народна Република Македонија.

1.

Државните стопански претпријатија и работничко-намештеничките набавно продајни задруги на подрачјето на Народна Република Македонија ќе ги продаваат земјоделските производи по следните највисоки цени и тоа како следи:

1. МЛАД КОМПИР

а) Во градовите (местата): Скопје, Штип, Охрид, Прилеп, Дебар, Гевгелија, Брод, Слепче, Горче Петров, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крушево, Радовиш, Ресен, Св. Николе и Струга — — — — — — по цена до 13 дин. 1 кгр.

б) Во градовите (местата): Титов Велес, Царево Село Струмица — — — — по цена до 12 дин. 1 кгр.

в) Во градовите (местата): Битола, Куманово, Тетово Берово Гостивар и Крива Паланка — — — — — — — — по цена до 10 дин. 1 кгр.

2. ЗЕЛКИ

Во сите градови и места — — по цена до 3 дин. 1 кгр.

3. КЕЉ

Во сите градови и места — — по цена до 3 дин. 1 кгр.

4. ДОМАТИ

а) Во градовите (местата): Скопје Титов Велес, Струмица и Гевгелија — — по цена до 6 дин. 1 кгр.

б) Во останалите гр. и места по цена до 8 дин. 1 кгр.

5. КРАСТАВЦИ

а) Во сите градови и места по цени до 1 дин. 1 парче

6. МОДРИ ПАТЛИЏАНИ

Во сите градови и места по цена до 2 дин. 1 парче

7. ГРАШОК ВО ЗРНО

а) Во градовите (местата): Скопје, Битола и Тетово — — — — — — по цена до 16 дин 1 кгр.

б) Во градовите (местата): Титов Велес, Куманово, Охрид, Прилеп и Штип по цена до 14 дин. 1 кгр.

в) Во градовите (местата): Струмица и Гевгелија — — — — — — — — по цена до 12 дин. 1 кгр.

г) Во останалите гр. и места по цена до 14 дин. 1 кгр.

8) ГРАШОК ВО МЕУНИ

а) Во градовите (местата): Скопје, Битола, Тетово — — — — — — — — по цена до 4 дин. 1 кгр.

б) Во градовите (местата) Титов Велес, Куманово Охрид, Прилеп и Штип — — — — — — — — — — — — по цена до 4 дин. 1 кгр.

в) Во градовите (местата): Струмица и Гевгелија — — — — по цена до 3,50 дин. 1 кгр.

г) Во останатите гр. и места по цена до 4 дин. 1 кгр.

9. БОРАНИЈА (ГРАВ ВО МЕУНИ)

а) Во градовите (местата) Скопје, Битола, Тетово, Охрид, Прилеп и Штип — — — — — — — — — по цена до 7 дин. 1 кгр.

б) Во град Куманово — — — по цена до 6 дин. 1 кгр.

в) Во градовите (местата): Струмица, Титов Велес и Гевгелија по цена до 5 дин. 1 кгр.

г) Во останалите гр. и места по цена до 7 дин. 1 кгр.

10. КРОМИД

а) Во градовите (местата): Титов Велс, Струмица, Охрид, Штип и Гевгелија — — — — — — — по цена до 4 дин. 1 кгр.

б) Во градовите (местата) Скопје, Битола, Куманово, Прилеп, Тетово и Гостивар — — — — — — по цена до 3 дин. 1 кгр.

в) Во останатите гр. и места по цена до 4 дин. 1 кгр.

11. ПИПЕРКИ

а) Во градовите (местата): Скопје, Титов Велес, Струмица и Гевгелија — — —

1) каварџик по цена до 8 дин. за 1 кгр.
2) бабури по цена до 10 дин. за 1 кгр.
3) бугарки по цена до 10 дин. за 1 кгр.
4) ситни лути по цена до 12 дин. за 1 кгр.

б) Во останалите градови и места — — —

1) каварџик по цена до 10 дин. за 1 кгр.
2) баури по цена до 12 дин. за 1 кгр.
3) бугарки по цена до 12 дин. за 1 кгр.
4) ситни лути по цена до 14 дин. за 1 кгр.

12. ЛУК

Во сите градови и места по цена до 16 дин. за 1 кгр.

13. ТИКВИЧКИ

Во сите градови и места — — — — —

1) мали по цена до 1 дин. парче
2) големи по цена до 1 дин. за 1 кгр.

14. КАЈСИИ

а) Во сите градови и места — — — —

1) I врста по цена до 10 дин. за 1 кгр.

2) II врста по цена до 7 дин. за 1 кгр.

3) III врста по цена до 3.50 дин. за 1 кгр

14 ПРАСКИ

Во сите градови и места — — — — — —

1) I врста по цена до 9 дин. за 1 кгр.

2) II врста по цена до 9 дин. за 1 кгр.

3) III врста по цена до 5 дин. за 1 кгр.

15. КРУШИ

Во сите градови и места — — — — — —

1) I врста по цена до 11 дин. за 1 кгр.

2) II врста по цена до 9 дин. за 1 кгр.

16. ЈАБОЛКИ ЛЕТНИ

Во сите градови и места — — по цена до 8 дин. за 1 кгр.

17. СЛИВИ ПРЕСНИ

Во сите градови и места — — —

1). I врста — — — — — — по цена од 5 дин за 1 кгр.

2). II врста — — — — по цена до 3.50 дин. за 1 кгр.

13 МЛЕКО

а). Во град Скопје — — — — —

1). овчо планинско по цена до — — 19 дин. за 1 кгр.

2). овчо полско по цена до — — — 17 дин. за 1 кгр.

3). кравјо по цена до — — — — — 15 дин. за 1 кгр.

4). козјо по цена до — — — — — — 12 дин. за 1 кгр.

б). Во градовите (местата) Битола, Куманозо, Штип, Охрид, Прилеп, Титоа Велес, Тетово и Струмица

1). овчо планинско по цена до — — 16 дин. за 1 кгр.

2). овчо полско по цена до — — — 14 дин. за 1 кгр.

3). кравјо по цена до — — — — — 12 дин. за 1 кгр.

4). козјо по цена до — — — — — — 9 дин. за 1 кгр.

Во останалите градови и места — — — — —

1). овчо планинско по цена до — — 14 дин. за 1 кгр.

2). овчо полско по цена до — — — 12 дин. за 1 кгр.

3). кравјо по цена до — — — — — 10 дин. за 1 кгр.

4). козјо по цена до — — — — — 8 дин. за 1 кгр.

19. БЕЛО СИРЕЊЕ ПОЛНОМАСНО

а). Во град Скопје — — по цена до 80 дин. за 1 кгр.

б). Во градовите (местата): Куманово, Битола, Титов Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Тетово и Струмица — — — — — — — — — — — — — — по цена до 75 дин. за 1 кгр.

в). Во останалите градови и места — — — — — — — — — — — — — — — — — — по цена до 70 дин. за 1 кгр.

20. УРДА

а). Во град Скопје — — по цена до 20 дин. за 1 кго.

б). Во градовите (местата) Куманово, Битола, Титов Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Тетово и Струмица — — — — — — — — — — — — — — — — по цена до 18 дин. за 1 кгр.

в). во останалите градови и места по цена до — — — — — — — — — — — — — — — — — — 16 дин. за 1 кгр.

21. МАСЛО НЕТОПЕНО

а). Во град Скопје — — по цена до 145 дин. за 1 кгр.

б). Во градовите Куманово, Битола, Титов Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Тетово, и Струмица — по цена до 135 дин. за 1 кгр.

в). Во останалите градови и [illegible] — — — — — — — — — — — — — — — — — — по [illegible] 130 дин. за 1 кгр.

22. МАСЛО ГОЛЕНО

а) Во град Скопје — — по цена до 170 дин. за 1 кгр.

б). Во градовите (местата) Куманово Битола, Титов Велес, Прилеп, Штип, Охрид, Тетово и Струмица — — — — — — — — — — — — — — — — — — по цена до 160 дин. за 1 кгр.

в). Во останалите градови и места — по цена до 150 дин. за 1 кгр.

23 КАЈМАК

а) Во сите градови и места — по цена до 150 дин. за 1 кгр.

24. СВИЊСКА МАСТ

а) Во градовите Скопје и Охрид — по цена до 150 дин. за 1 кгр.

б). Во останалите градови и места — по цена до 130 дин. за 1 кгр.

2.

По пропишаните цени можат да ги продаваат своите производи на пазарите непосредно на потрошувачите и економиите на државните претпријатија, надлештва и установи (служби за работничко снабдување), доколку имаат излишоци на производи кои преостануваат, кога во целост се подмируваат нуждите на работниците и службениците на претпријатието, надлештвото односно установата која има економија.

Доколку, пак, овие економии не ги изнесуваат своите излишоци на производи сами на пазарите, должни се истите да ги продаваат на државните трговски претпријатија по определените сервани цени, како и останалите државни земеделски стопанства и економии.

Кога овие економии ги продаваат своите земеделски производи на мензи, на работници и службеници на претпријатието, надлештвото и установата кои ги основале, продажбата по правило се врши по цените кои се помнски од определените продажни цени на државните трговски претпријатија, со тоа да не можат да идат над овие цени.

3.

Се задолжуваат државните стопански претпријатија и работничко-намештеничките набавно-продајни задруги строго да се придржуваат по пропишаните цени. Непридржување по истите повлекува одговорност по постоечките прописи.

4.

Ова Решение стапува на снага веднаш.

Број 10288 од 19 јули 1943 год. Скопје

МИНИСТЕР

за трговија и снабдување на НРМ

А. Наневче, с. р.

Содржина

Бр.		Стр.
142	Уредба за основање научен институт за национална историја на македонскиот народ	145
143	Уредба за одредување на животински видови кој што се сметат како дивина и за лов	145
144	Уредба за финансиски курс	146
145	Уредба за укинување на Трговска индустриска комора во град Скопје	147
146	Уредба за ликвидација на старите судски депозити	147
147	Уредба за основање автомобилско-шоферски курс во град Скопје	148
148	Уредба за основање на едногодишни земјоделски училишта	149
149	Уредба за Пионерски домови	149
150	Правилник за изменување на Правилникот за организацијата и работата на Вишата педагошка школа во Скопје	150
151	Напатствие за начинот за пресметување на разликата меѓу прописаната маржа и околиските маржи за житарици на подрачјето на НР Македонија	150
152	Напатствие за задолжително продавање на ушурот од вршачките и за количините на житариците кој што к'е се издаваат на работниците на вршачките на подрачјето на НР Македонија	150
153	Решение за одредување на посебни маржи на откуп на житарици за поедини околии на подрачјето на НР Македонија	151
154	Напатствие за условно продавање каустичната сода во трговија по сврзаните цени на подрачјето на НР Македонија	151
155	Решение за маржите на откуп земјоделски производи што се откупуваат од производителите по одредените државни) сврзани цени	151
156	Решение за маржите на трговијата за земјоделските производи што се купуваат од производителите по одредените (државни) сврзани цени како и за начинот на формирање на продајни цени за тие производи	153
157	Решение за највисоките цени по кој државните стопански претпријатија и работническо-намештенички продајни задруги к'е ги продаваат земјоделските производи на подрачјето на НР Македонија	154